# НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 03-181
08.02 2021 год.
СКОПЈЕ

Почитувани колеги,

Некои од Вас се подолго време дел од пливачкиот спорт во Македонија, а некои се прилично нови во нашата пливачка заедница и затоа би сакале уште еднаш да објасниме за да не бидете изманипулирани од страна на ликови кои се докажани преваранти во македонското пливање и создадители на хаосот кој се случува.

Изминатиов период лицето Александар Маленко грубо ги прекршува законските прописи на Македонија со лажно претставување како претседател на замислена Пливачка Федерација која е лажна и на која продолжува да става лажен печат и лажно да се претставува и покрај пресудата која ја има ( прилог 1.), иако дополнително за него следи соочување со казните за сите дела кои ги има сторено изминатиов период.

Дополнително манипулира со името на директорот на Агенцијата за спорт и млади, г-дин Наумче Мојсовски за кој сметаме дека ниту ќе го поддржи ова замислено и лажно државно првенство ниту пак дека ќе го отвори истото бидејќи со тоа грубо би ги прекршил законските норми на Македонија.

Сакаме уште еднаш да Ве предупредиме како клубови и членови на федерацијата дека имате права, но и обврски кои сте должни да ги почитувате и само со нивно должно почитување може да се разговара за напредок и развој на пливачките спортови во Македонија, а за евентуално непочитување на Статутот на Националната Пливачка Федерација предвидени се соодветни санкции според самиот Статут на НПФ како и актитие и правилниците.

Учество на клубови на лажно таканаречено Национлно првенство организирано од замислена и лажна пливачка федерација која јавно објавува дека ќе организира национално првенство во период од 12-14.02 ќе се смета за грубо нарушување на угледот на НПФ и пливачките спортови а за истото ќе биде отворена дисциплинската постапка против тие клубови во органите на НПФ. Статутот на НПФ јасно дефинира дека за нарушување на угледот се предвидува максимална казна исклучување.

Ги замолуваме сите клубови членки на НПФ да бидат внимателни, а посебно новите клубови кои немаат искуство со вакви упади на лица во пливањето за кои во минатото веќе еднаш создаваа ваков хаос со организација на нерегуларни и лажни државни паралелни првенства за што си го добија заслуженото според Статутот на НПФ.

Ве уверуваме дека и овој хаос порано или подоцна ќе заврши на ист начин, но Ве предупредуваме да внимавате да не сте дел од истото бидејќи тие што го прават овој хаос први ќе ве остават на цедило Вас, Вашите клубови и пливачи бидејќи они немаат ниту пливачи или клубови кои може да бидат дел од понатамошни дисциплински постапки.

Со надеж дека ќе останете разумни и внимателни за заедничко добро на пливањето.

Скопје

08.02.2021

Национална пливачка федерација

Претседател

М-р Александар Филипчев

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА Скопје

Конт. адреса: Сала КК Работнички, Градски Парк, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија тел +389 78 386 236; +389 70 27 97 34; e-mail: aleksandarf@yahoo.com swimmkd_b@hotmail.com

www.pfm.org.mk

Scanned with CamScanner